# ТАНЦОВА СПОРТСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК ЗА АНТИ ДОПИНГ

Агенција за млади и спорт

**Врз основа на Законот за спречување на допинг во спортот**

# ПРАВИЛНИК ЗА АНТИДОПИНГ ДЕЛУВАЊЕ

## Член 1

Со програмата за анти-допинг делувањето се регулирани активностите кои Танцовата Спортска Федерација на Македонија ( во понатамошен текст ТСФМ) има за цел да го спречи допингот во овој спорт.

## Член 2

ТСФМ е должна во рамките на својата надлежност, за сите танчери спортисти, спортски стручњаци и други лица кои се одговорни за допинг да им изрече соодветни дисциплински мерки, во согласност со Законот за спречување на допинг во спортот, правилата на Светскиот анти-допинг код и надлежната Светска Танцова Спортска Федерација - WDSF, како и да не го признае постигнатиот спортски резултат во кој учествувале допингуваните танчери спортисти и да не се дозволи нивно учество на спортскиот натпревар, спортските стручњаци и други лица под јурисдикција на ТСФМ на кои им е изречена мерка поради допинг, или им е изречена во согласност со Законот за спречување на допингот во спортот, казнување за сторено кривично дело или прекршок.
Дисциплинските мерки и постапки за изрекување на казни во случаи на прекршување на анти допинг правилата се утврдени со Правилникот за дисциплински мерки и постапката за изрекување на казни во случаи на прекршување на анти допинг правилата.

## Член 3

ТСФМ во согласност со можностите и во соработка со Агенцијата за анти допинг на Р.Македонија, да организира стручно информирање за членовите на ТСК, особено за спортски стручњаци и танчерите спортисти од сите возрасти за важечките прописи во врска со допингот во спортот и негативни ефекти врз здравјето на употребата на допинг агенси.

## Член 4

Стручните информации наведени во член 3 од Програмата за анти-допинг ќе се спроведува преку организирање на стручни состаноци, предавања, доставување на печатени материјали со информации во врска со спречување на допингот во спортот, како и други соодветни начини кои ТСФМ во соработка со Агенцијата за анти допинг на Р. Македонија ги смета за важни.

## Член 5

ТСФМ во рамките на стручните информации наведени во член 3 од Програмата за анти допинг, особено за членовите, ќе обезбеди информации за листата на забранети допинг супстанци, во согласност со Правилникот за листата на забранети допинг супстанци анти допинг агенција на Р.Македонија, кој се утврдува во согласност со Европската конвенција за спречување на допинг во спортот и меѓународни стандарди за листа на забранети средства одобрени од Светската анти допинг агенција и WDSF.

Член 6

ТСФМ ќе ги информира членовите и танчерите спортисти за постапката за одобрување на користење на примена на допинг средства во терапевтски цели или користење на забранети супстанции и/или методи кои се наоѓаат на листата на допинг средствата, во случај кога за тоа постои очигледна и неопходна медицинска потреба.

Член 7

ТСФМ е должен да обезбеди постојано индивидуално медицинско следење на категоризирани танчери спортисти и за таа цел да ги усвојат потребните акти и да преземат конкретни мерки.

Член 8

ТСФМ е должен да назначи лице кое ќе врши надзор над спроведувањето на мерките за спречување допинг.

Член 9

ТСФМ доколку е во можност може на полуфиналето и финалето на националните шампионати, да организира допинг контрола во согласност со законот и да ги сноси трошоците за спроведување на допинг контрола.
Во тој случај ТСФМ има обврска најмалку 21 ден пред одржување на танцовиот спортски натпревар кој го организира или е под негова контрола, да го пријави танцовиот спортски натпревар на Анти допинг агенцијата на Р. Македонија, и најдоцна до крајот на тековната година до Анти допинг агенција на Македонија да достави календар за следната година.

Член 10

ТСФМ треба еднаш во годината да ја извести Анти допинг агенцијата на Р. Македонија за плановите за обука и подготовка на врвни танчери спортисти и националната танцова спортска репрезентација.

Член 11

ТСФМ има право и обврска да ги контролира анти допинг програмите на нивните членови, како и имплементација на овие програми, како и да ги прекине финансирањата на танчерите спортисти, спортските стручњаци, танцовите спортски клубови и други субјекти кои не се во согласност со правилата што ги применува анти допинг.

Член 12

ТСФМ е должен до крајот на годината да ја извести Агенцијата за спорт и Анти допинг агенција на Р. Македонија за мерките во борба против допингот во таа година.
Известувањето од ставот 1 на овој член се врши преку доставување на годишен извештај кој содржи информации за спроведените допинг контроли во текот на годината, утврдените прекршувања на правилата и процедурите на анти допинг спроведени за да се утврдат здобиените повреди или посетување на обуката на анти-допинг и други мерки и активности во борба против допинг активности преземени во текот на годината.

Член 13

ТСФМ треба, преку своите активности да го промовира зајакнување на вредноста на спортската етика, фер игра и здравјето на танчерите спортисти.

Член 14

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето 14.10.2020 година.

Скопје,14.10.2020

Претседател на ТСФМ

Влатко Павлески